Врз основа на член 5 точка 6 од Законот за платен промет ("Службен весник на Република Македонија " бр 32/2001) и член 63 став 1 точка 30 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија " бр 29/96 и 37/98), Советот на Народна банка на Република Македонија на својата LXXXVIII седница, одржана на 21.05.2001 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за определување на износ на мало меѓубанкарско плаќање**
**("Службен весник на Р.М" бр. 41/01)**

1.Со оваа Одлука се определува износот на мало меѓубанкарско плаќање.

2. Под мало меѓубанкарско плаќање се подразбира плаќање чиј износ не надминува 3.000.000,00 денари и со кое се врши пренос на средства од еден кај друг носител на платен промет.

3. Плаќањата кои не се мали меѓубанкарски плаќања согласно со точка 2 на оваа Одлука се извршуваат единствено преку Системот за порамнување на Народна банка на РепубликаМакедонија.

4. Оваа Одлука влегува во сила осум дена по објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

О.бр. 02-15/LXXXVIII-9/2001
21 мај 2001 година
Скопје

Председател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
**Љубе Трпески**